**20180250424**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Врз основа на член 59 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на испитот за административно управување како и формата и содржината на потврдата за положен испит („Службен весник на Република Македонија“ број 142/14 и 185/17), во член 3 во ставот (1) по зборовите: „место на живеење“ се додаваат зборовите: „(адреса на живеење од лична карта)“.

Член 2

Во член 9 ставот (3) се менува и гласи:

„ (3) Од страна на Министерството се известува органот или институцијата во која е вработен кандидатот, односно приватна фирма во која е вработен кандидатот, односно се известува кандидатот кој не е вработен. “

Во ставот (4) по зборовите: „место на живеење“ се додаваат зборовите: „(адреса на живеење од лична карта)“.

Член 3

Во член 10 во ставот (1) по зборовите: „место на живеење“ се додаваат зборовите: „(адреса на живеење од лична карта)“.

Член 4

Образец – П1 „Потврда за положен испит за административно управување“, се заменува со нов Образец – П1 „Потврда за положен испит за административно управување“, кој е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12/2-810/1
5 февруари 2018 година
Скопје

Министер,
**Дамјан Манчевски,** с.р.

Образец – П1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54 1000 Скопје
Тел: +389(0)2 320-0870, факс: +389(0)2 322-1883, е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk

Врз основа на член 7 став (1) точка 19) и член 41 став (8) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Министерството за информатичко општество и администрација, ја издава следната

## ПОТВРДА
## ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

На ден _________ (се наведува датумот на полагање) година во___:___ часот, во просториите на Агенцијата за администрација, кандидатот ______ ________(име и презиме), со датум и место на раѓање __.__.____година ________ (се наведува датум и место на раѓање), со место на живеење________________________________(се наведува адресата на живеење од лична карта), со идентификациски код ____________, го ПОЛОЖИ ИСПИТОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ.

Бр. ___-__/______
_________ година
Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

(МП)

_______________________